РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-4321/4
21.09 2020 год.
КОЧАНИ

Друштво за трговија на музички инструменти
ПИАНО ЦЕНТРЕ ДООЕЛ
Бр. 09/20
21.09 2020 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

**Склучен помеѓу:**

**1. Општина Кочани**, со седиште на ул."Раде Кратовче" бр.1 - Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани во својство на одговорно лице, Г-дин Николчо Илијев ( во натамошниот текст: **Купувач)** и

**2. Друштво за трговија на музички инструменти ПИАНО ЦЕНТРЕ ДООЕЛ Скопје** бул.Видое Смилевски Бато бр.91-1/3, со ДБ: 4032017536030, ЕМБС: 7242948 , жиро сметка 200003240097879, депонент Стопанска банка АД Скопје, застапувано од управителот Даниел Ристески ( во понатамошниот текст: **Продавач).**

**Член 1**

Предмет на овој Договор за јавна набавка е набавка на стоки, и тоа за

**Набавка на полуконцертно пијано за ООМУ „Ристо Јуруков" Кочани**

Овој договор се доделува во спроведена постапка со Поедноставена отворена постапка, по Оглас бр.11939/2020 објавен на ЕСЈН на ден 19.08.2020 г., а врз основа на Одлука за избор на најповолна понуда од 15.09.2020 година.

**Член 2**

Вкупната цена на стоката од конкретниот предмет на набавка без вклучен ДДВ изнесува **640.000,00 ден**. ДДВ по стапка од 18 % изнесува 115.200,00 денари, а истиот ќе се пресметува при фактурирањето на испорачаната стока, односно

**Вкупната вредност на договорот за јавната набавка, опишан во чл.1 на овој Договор со вклучен ДДВ 18 % изнесува 755.200,00 денари.**

Во согласност со понудата поднесена преку ЕСЈН, единечната цена е прикажана во табелата подолу:

| Опис | Единица мерка | Количина | Цена без ДДВ | Цена со ДДВ | Марка и модел |
|---|---|---|---|---|---|
| **Полуконцертно пијано**<br><br>• Боја - црна сјајна<br>• Димензии :<br>– Ширина - од 1450 мм до 1510 мм<br>– Висина : од 896 мм до 996 мм<br>– Длабочина - од 1550 мм до 1600 мм<br>• Тежина од 310 до 320 кг.<br>• Клавиши<br>- Број на клавиши минимум 88<br><br>• Педали:<br>– Минимум 3 (три) педали<br>– Тип на педали: Адаптибилен, пригушен, амортизирачки<br><br>• Чекан | парче | 1 | 640.000,00 | 755.200,00 | Ritmuller GH 160 R |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - Структура V процес<br>- европско потекло,европски производител<br>• Гаранција за пијаното минимум 5 години | | | | | |

Во вкупната вредност на договорот е засметана и вредноста на придружните услуги, сите трошоци и попусти.

**Член 3**

Купувачот плаќањето ќе го врши согласно цената утврдена во чл.2 од овој договор во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата и потпишана испратница за испорачаната стока. Фактурата и испратницата се доствуваат во архивата на Општина Кочани.

Средствата за реализација на конкретниот договор за јавната набавка се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2020 година, Програма НА ставка 480.

**Член 4**

Продавачот е должен на свој трошок и свое возило испораката на полуконцертниот клавир да ја изврши во рок од **најмногу 15 дена** сметано од денот на склучување на договорот за јавната набавка, без поднесување посебно барање. Продавачот е должен да изврши монтажа на клавирот со цел обезбедување нормално функционирање и пуштање во употреба на истиот.

Место на испорака: ООМУ Ристо Јуруков" Кочани. Пијаното треба да биде ново, фабрички склопено, а прво отворање и негова монтажа да биде во просториите на ООМУ Ристо Јуруков" Кочани.

**Член 5**

Гаранцијата на понудената стока треба да изнесува минимум 5 години. Во овој гарантен период Продавачот е одговорен и ја гарантира функционалноста и исправноста на стоката (полуконцертниот клавир) согласно гаранцијата од производителот.

Продавачот е должен со испораката на клавирот на Купувачот да му достави Гаранција од производителот.

**Член 6**

Испораката на предметната стока ќе се смета за извршена со потпишување на испратница од страна на овластено лице на Продавачот и овластено лице на Купувачот во просториите на ООМУ "Ристо Јуруков". При испораката, овластено лице од Купувачот ќе изврши преглед и проверка на испорачаната стока. Доколку при испораката, Купувачот увиди дека доставената стока не се совпаѓа со стоката опишана во техничката спецификација може да бара Продавачот да ја исправи грешката и да ја замени стоката во рок од 15 (петнаесет) дена.

Доколку Економскиот оператор не ја изврши набавката навремено или ја изврши со сериозни отстапувања, односно доставената стока не е соодветна со таа опишана во техничката спецификација и истата не е заменета во рок од 15 (петнаесет) дена со соодветната, Купувачот ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно извршување на договорот и ќе го раскине договорот.

**Член 7**

Продавачот одговара за материјалните недостатоци на стоката што таа ги имала во моментот на преминувањето на ризикот врз Купувачот, без оглед дали тоа му било познато.

Продавачот одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз Купувачот ако се последица од причина што постоела пред тоа.

Незначителниот материјален недостаток не се зема предвид.

**Член 8**

Недостаток постои:
1) ако стоката ги нема потребните својства за нејзина редовна употреба или за промет;
2) ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја
набавува Купувачот, а која му била позната на Продавачот или морала да му биде позната;
3) ако стоката ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчно
договорени, односно пропишани и
4) продавачот предал стока/и која не е соодветна на техничките спецификации прифатени од негова страна.

**Член 9**

Купувачот кој навремено и уредно го известил Продавачот за недостатокот може:
1) да бара од Продавачот да го отстрани недостатокот или да му предаде друга стока без недостаток (исполнување на договорот) и
2) да изјави дека го раскинува договорот.

Во секој од овие случаи Купувачот има право и на надомест на штетата. Покрај тоа и независно од тоа, Продавачот му одговара на Купувачот и за штетата што овој поради недостаток на стоката ја претрпел на другите свои добра и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

Во случај на видливи недостатоци Купувачот може да бара од Продавачот да го острани недостатокот или да му предаде друга стока без недостаток. Несоодветноста на стоката по вид, квалитет и опис утврдени во техничката спецификација нема да се прифати, несоодветните стоки ќе му бидат вратени на Продавачот, со тоа што Продавачот ќе биде должен да испорача нови стоки согласно детално утврдениот опис и карактеристики во техничката спецификација.

**Член 10**

Продавачот на Купувачот му достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на Договорот, бр.840/2020 издадена од Стопанска банка АД Скопје на износ од 37.760,00 ден., со важност од 18.09.2020 год. до 31.10.2020 год. и е доставена во еден оригинален примерок. Со гаранцијата Продавачот се обврзува да изврши испорака на стоката согласно минималните технички параметри, услови и карактеристики утврдени во Техничката спецификација, да изврши монтажа на полуконцертниот клавир и да го стави во функција/употреба.
Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот треба да биде во валутата на која гласи договорот МКД.

Гаранцијата се наплаќа во следните случаи:

- Доколку Продавачот не го почитува договорениот рок и начин за испорака, а при тоа нема прифатливо оправдување;
- Во случај на несовпаѓање на техничките и квалитативните карактеристики на испорачаната стока со бараните спецификации;
- Во случај на раскинување на Договорот по вина на Продавачот;

Купувачот ќе ја врати банкарската гаранција од ст. 1 на овој член на Продавачот, во рок од 14 /четиринаесет/ дена, по истекувањето на важноста на договорот, односно по негова реализација.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот Купувачот му ја враќа на Продавачот по пошта, лично во седиштето на Продавачот или лично во седиштето на Купувачот.

Доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, Давателот на услугата може да покрене спор пред надлежниот суд.

**Член 11**

Времетраење на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, но не повеќе од **1 /еден/ месец**, сметано од денот на склучување на овој Договор.

*[*Вообичаено времетраење на договорот е до конечната испорака на стоките*]*.

**Член 12**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**Член 13**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни, и се во согласност со Законот за јавните набавки и позитивните законски прописи во РСМ.

**Член 14**

За евентуален спор по овој Договор, ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 15**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 /четири/ примерока за Купувачот, а 2/два/ примерока за Продавачот и истиот стапува на сила со денот на склучувањето.

| | |
|---|---|
| ***за Продавачот,*** | ***за Купувачот,*** |
| ***ПИАНО ЦЕНТРЕ ДООЕЛ Скопје*** | ***Општина Кочани*** |
| ***Управител,*** | ***Градоначалник,*** |
| ***( Даниел Ристески )*** | ***( Николчо Илијев )*** |

***Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова***
***Контролирал: Раководител на Одделение за јавни дејности – Голубинка Георгиева***